# ЈКП ,,НИКОЛА КАРЕВ”-ПРОБИШТИП

# Извештај за работа за 2021 год.

Јануари 2022 год.

ЈКП Никола Карев-Пробиштип
Jkp.nikolakarev@gmail.com

# ОСНОВНИ ОДРЕДБИ, ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И ДЕЈНОСТИ

Јавното комунално претпријатие Никола Карев од Пробиштип е основано од Совет на Општина Пробиштип заради вршење на дејност од комуналната област која е од јавен интерес.

Јавното претпријатие во рамките на својот делокруг на работење ќе ги врши следниве дејности:

- Собирање, обработка и снабдување со вода.
- Поставување на инсталации за водовод, канализација и други инсталатерски работи.
- Отстранување на отпадни води.
- Собирање, обработка и отстранување на безопасен отпад и останати услуги за управување со отпад.
- Управување со недвижен имот со хонорар или врз база на договор.
- Погребални и слични дејности(Управител на гробишта).
- Пазари.
- Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина.

Внатрешната организациона поставеност на јавното претпријатие се организира во: два (2) Сектори и десет(10) Одделенија и тоа:

1. **Сектор за технички работи** со
   – одделение за водоснабдителни објекти.
   – одделение за корисници и одржување база на корисници.
   – одделение за одржување водовод и канализација.
   – одделение за планирање, инвестиции и развој.
   – одделение за собирање, транспорт и депонирање на отпад.
   – одделение за јавна хигиена, паркови и зеленило.
2. **Сектор за општи и заеднички работи** со
   – одделение за финансии, сметководство и наплата
   – одделение за јавни набавки.
   – одделение управување со човечки ресурси.
   – одделение за општи, правни работи и застапување.

# 1. СЕКТОР ЗА ТЕХНИЧКИ РАБОТИ

## 1.1 Одделение за водоснабдителни објекти

- **Редовни тековни работи:**
  - Организација и управување со работата на пречистителната станица за вода за пиење, ПС Шилек-Добрево, ПС Ратавица, ПС Злетово.
- **Извршени работи во 2021 год.**

➢ Сурова вода ... вкупно = **8 308 449 ден.**

- ЈП ХС Злетовица ... **1 659 492 m³**x 4.78 ден/ m³ = 7 932 372 ден.
- Силмак-Кратово = 376 077 ден.

➢ Излезена вода од градскиот резервоар кон водоводната мрежа ... **1 335 264 m³**

- Испумпана вода од ПС Добрево ... 54 327 m³

➢ Испумпана вода во Злетово ... 252 727 m³

➢ Хемикалии и реагенси = 826 199 ден.

➢ Хемиско бактериолошка анализа на водата = 317 975 ден.






- Неделни проби ... еднаш неделно
- Годишна анализа
- Дезинсекција, дезинфекција и дератизација на ФС-2 пати во годината.
- Санитарни прегледи за вработените.

➢ Набавка на дозер пумпа за хлор ... 20 897 ден.

➢ Сервисирање на агрегат, сушач и пумпа за преточување на на хемикалии.

➢ Направен е увид на состојбата на градскиот резервоар од 1 500 м³ од страна на стручна фирма за санација на истиот.

➢ Чистење на резервоарот во с.Лесново.

➢ Санитарно-хигиенски увид и стручна проценка за состојбата на пречистителната станица за вода за пиење од страна на **ЈЗУ Институт за Јавно Здравје.**

## 1.2 Одделение за корисници и одржување база на корисници

- **Реализирани тековни работи во 2021 год.**
  - Отчитување на состојбите на потрошена вода во целиот водоснабдителен систем и анализа на истата;
  - Припрема и печатење на сметки за комплетните комунални услуги;
  - Приклучоци на водоводната и канализациона мрежа



примени барања за приклучоци на водовод и канализација ... бр.61
реализирани приклучоци ...бр.50

- Физички лица .. бр.47
- Правни лица .. бр. 3

**Табела за дистрибуција на вода-физички лица**

| **Населени места** | **Планирани м³** | **Реализирани м³** | **Процент** |
|---|---|---|---|
| **Пробиштип** | 405 000 | 449 890 | 111.1% |
| **Злетово** | 100 000 | 105 772 | 105.8% |
| **Селски населби** | 42 000 | 43 573 | 103.7 % |
| **Вкупно** | **547 000** | **599 235** | **109.5 %** |

**Табела за дистрибуција на вода-правни лица**

| **Населени места** | **Планирани м³** | **Реализирани м³** | **Процент** |
|---|---|---|---|
| **Пробиштип** | 290 000 | 309 505 | 106.7% |
| **Злетово** | 6 000 | 6 650 | 110.8% |
| **Вкупно** | **296 000** | **316 155** | **106.8%** |

**Табела за одведени урбани води – физички лица**

| **Физички лица** | **Количина на одведени урбани води во 2021 год. м³** |
|---|---|
| **Пробиштип** | 432 994 |
| **Злетово** | 91 334 |
| **Вкупно** | **524 328** |

**Табела за одведени урбани води – правни лица**

| **Правни субјекти** | **Количина на одведени урбани води во 2021 год. м³** |
|---|---|
| **Пробиштип** | 93 944 |
| **Злетово** | 6 650 |
| **Вкупно** | **100 594** |

- **Дистибуција на вода Пробиштип**

Водоводна мрежа: 1 335 264 м ³ - фактурирана вода( Пробиштип 759 395 м ³ + селски населби 33 073м ³) = 542 796 м³
... загуба на вода околу **40.6 %.**

Технолошка загуба на вода: Сирова вода 1 659 492 м³ - 1 335 264 м³ - 54 327 м³ = 269 901 м³ ... загуба околу **16.2 %**.

- **Дистрибуција на вода Злетово** :
  Испумпано 252 727 м$^3$- фактурирано (Злетово 112 422 м$^3$ + селски населби 10 500м $^3$) 122 922 м$^3$ = 129 805 м$^3$ ... загуба околу **51 %**

## 1.3 Одделение за одржување на водовод и канализација



- Дефекти на потисни-транзитни цевководи (Добрево, Плешанци, Древено.,Кундино,) ... бр.61
- Дефекти на главна водоводна мрежа во град Пробиштип … бр.33
- Дефекти на секундарна водоводна мрежа град Пробиштип ... бр.140
- Дефекти во водоводната мрежа Злетово и Ратавица, Драч-Глобица ... бр.72
- Одржување и санирање на дефекти на канализационата мрежа. ... бр.380
- Дислокација на водоводна линија Φ 80 мм и L= 15 м. на ул. Црн Врв.
- Саниран е дефект на главната линија која излегува од резервоарот за вода за пиење.
- Сезонско чистење на проблематичните канализации со специјализирано возило .
- Поставени се нови 6 бетонски капаци на шахти на места каде капаците беа оштетени.



## 1.4 Одделение за собирање, транспорт и депонирање на отпад

Дејноста опфаќа: собирање, транспорт и депонирање на комунален цврст отпад од домакинствата, индустриски неопасен отпад од стопанството како и чистење на јавни прометни и сообраќајни површини : улици, тротоари, паркинзи, плоштади и др.

Својата дејност како дејност од јавен интерес претпријатието ја извршува соглано годишната програма од Совет на Општина Пробиштип и целата динамика и распореди се прилагодени на инфраструктурните предпоставки на градот Пробиштип, потребите на корисниците на услуги, концентрација на населението, фрекфенцијата на движењето и сообраќајот, социјалните и културните навики на граѓаните од една страна, но и материјално –техничките и кадровските потенцијали на ЈКП Никола Карев – Пробиштип од друга страна.

Комуналниот отпад од домаќинствата се собира од контејнери од 1.1 м³ и од канти од 120 литри.

Во 2021 год. на територијата на општина Пробиштип каде комуналното претпријатие е давател на услуги во делот на собирањето на смет собрано е вкупно:

- Измешан комунален отпад ... 5 176 м³
- Текстилен отпад ( отпад од конфекции) ... 20 м³
- Материјали несоодветни за консумирање или преработка ... 2,5 t
- Отпад од електронска и електрична опрема ... 1,18 t
- Селектирање на стакло ... 2,6 t

Изнесувањето на смет беше редовно согласно предвидените годишни програми и распореди и изнесувањето на сметот се вршеше со следниве возила за изнесување на комунален отпад: три возила за смет **IVECO** (22м³,10м³, 4м³), **DAF**( 8м³), **Mitsubishi** (5м³) и три трактори.

Со обновување на возниот парк во 2021 год. воведовме нов начин на собирање на отпад и тоа втора смена, почнувајќи од 18 часот попладне во периодот од

Од примени 143 метални контејнери од 1,1 м³ по основ на донација од ИПА фондовите согласно регионалното управување со отпад досега се променети 64 контејнера. Останатите 79 дополнително треба да се распоредат по останатите населени места каде комуналното претпријатие планира да се воведе и оваа услуга.

Превземени активности за управување со депонија: Поставени се две капии со цел обезбедување на депонијата, воведена е 24 часовна контрола на состојбата на депонијата со стражарска служба, третирање на депонијата средство за заштита од пожари , редовно чистење на депонијата со градежни машини.

ЈКП Никола Карев одржува и стопанисува со две компостари за селектирање на био разградлив отпад.

При работата на компостарите се користат пелети за одземање на влага во био разградлив отпад и потрошени се 8 вреќи од по 15 [kg] пелети или вкупно 120 [kg].

| | **Компостерка 1** | **Компостерка 2** |
|---|---|---|
| Одложено био отпад | 34 [m³] | 19[m³] |
| Произведено компост | [Kg] | [Kg] |
| Исполнетост-Компост во последна фаза | 3,4 [m³] | 1,9 [m³] |

Целосниот капацитет на исполнетотст на компостарите со компост е 4m³.

## 1.4 Одделение за одржување јавна хигиена, паркови и зеленило

- Одржувањето на хигиената на јавните сообраќајни површини во 2021 год. како и динамиката на вршење на активностите се вршеше согласно **Програмата за одржување на хигиената на јавните сообраќајни површини бр.26-928/05 од 30.11.2020 год.** усвоена на Совет на општина Пробиштип :



1.1. Редовно чистење (метење и собирање на отпад) на јавните сообраќајни површини и затворени простории на јавни објекти, како и одржување и расчистување на јавни површини од снег и мраз во зимски услови.

1.2. Чистење на атмосферски канали и шахти (решетки).

• Чистење на атмосферски шахти-решетки (ул.М.Барага, Н.Михајлова, Т.Александров, Ј.Стојанов и Ј.Стојковски) согласно Програмата за ЈСП.

Распоредите и динамиката на метењето на улиците се вршеше огласно Програмата за одржување на хигиената на јавните сообраќајни површини.

- **Прва категорија - централно градско подрачје -** Метење на ЈСП пет и шест пати во неделата

- **Втора категорија - прва, втора и трета зона -** Метење на ЈСП еднаш во неделата и метење на ЈСП еднаш месечно.

Од март метачката е повторно ставена во функција.

Програмата за метење на ЈСП ја спроведува службата за Комунална хигиена при ЈКП “Никола Карев” Пробиштип, а финансирана од општина Пробиштип.

- Зимско одржување (фрлање на абразивни средства, чистење на тротоари и др. јавни површини) ... **134 384 ден.**
- Чистење на сливни решетки и канали ... **13 216 ден.**

Извршените работи по Програмата за одржување на хигиената на јавните сообраќајни површини се фактурирани на општина Пробиштип во износ од ... **1 848 279 ден.**

## Одржување на јавна хигиена, паркови и зеленило

- Одржувањето на зелените површини се вршеше согласно **Програмата за одржување на јавно зелени површини и озеленување на нови површини за 2020 бр.26-928/06 од 30.11.2020 год.** усвоена на Совет на Општина Пробиштип.

Реализирани активности во 2021 год согласно програмата :



- Чистење на тревници ( Г.парк, триаголниците, површината околу општина-кино-г.пазар и зеленило на ул.Ј.Стојанов). ...вкупна површина 6879 м²
- Метење на патеките во градски парк. ...вкупна површина 1160 м²
- Рачно косење со тример ( ул. во Пробиштип и Злетово, Лесново и градски гробишта Пробиштип и Злетово ) ...вкупна површина 14482 м²
- Машинско косење ( игралишта-рударско 2 пати, ново игралиште 2пати и Злетово2 пати, Г.пазар, Спомен парк, Г.парк, и останати). ...вкупна површина 35192 м²
- Косење со мулчер- трактор
- Собирање и рачен утовар на искосена трева.
- Рачно поливање на јавните зелените површини и полевање со распрскувач.
- Уништување на коров со хербициди.( Г.плоштад, Г.Пазар, Г.плоштад во Злетово и останати јавни патеки и површини) ...вкупна површина 1250 м²
- Одржување фонтани и на жардињери-поливање, плевење и прашење (Г.Парк и на ул. Јордан Стојанов). ...вкупна површина 100 м²
- Припрема на цветни леи, фрезање и ѓубрење ...вкупна површина 500 м²
- Садење на сезонско цвеќе и кроење на ружи и цветни грмушки.(ул.Јордан Стојанов, Г.Пазар и Г.Парк).
- Извршивме вонредно чистење на коритото од киселичка река од стара вегетација, како и чистење на неколку диви ѓубришта.
- Наводнување со цистерна за вода.
- Сечење и кроење на дрва и суви гранки ... бр.80

Остварените приходи од извршените активности по Програмата за одржување на јавното зеленило, паркови и спортски објекти се во износ ... **904 045 ден.**

## 1.5 Одделение за планирање, инвестиции и развој

### ➢ Техничка припрема и инвестиции

- Изградба на водоводна линија во Леговец Ф90 мм и L= 800 м.
- Изградба на хидрантска мрежа во кино салата. ... 71 310 ден.
- Изградба на водоводна линија Ф 63 мм и Л= 35 м.во Калниште ... 60 712 ден.
- Изградба на каналиционен крак во н.м. Ливашница. ... 390 708 ден.
- Изработка на водоводен приклукок на ЈЗУ Нада Михајлова. ... 18 513 ден.
- Изградба на водоводна шахта на ул.Илинденска и поправка на ул. Партизанска.
- Изградба на шахти на ул. Миро Барага-тротоарски дел ... 40 205 ден.
- Приклучок на отпадни води на објект Центар за јавно здравје ... 21 602 ден.
- Санација на дел од канализационен колектор во н.Пробиштип. ... 62 284 ден.
- Санација на дел од канализационен колектор во Злетово. ... 33 231 ден.
- Санација на дел од канализационен колектор во н.м. Калниште ... 43 930 ден.
- Изградба на приклучоци во канализационен колектор во с.Пробиштип ... 23 571 ден.
- Санација на решетка за атмосферски води на ул.Миро Барага-Пробиштип. ... 18 200 ден.
- Санација на решетка за атмосферски води на ул. Нада Михајлова ... 6 447 ден.



### ➢ Управување со гробишта

- Извршени закопи во Пробиштип ... 115 (22 корона)
  - Со договор за погребални услуги ... 101
  - Без договор за погребални услуги ... 14
  - Погреби во капела ... 90

- Извршени закопи во Злетово ... 37 (4 корона)
- Влез на оператор ... бр.90 * 2 000 ден. = 180 000 ден.
- Влез на каменорезач ...бр.41 * 2 500 ден. = 102 500 ден.
- Поставување на одвод во нов дел на градските гробишта.
- Тампонирање на пристапните патеки.

## 2.СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ

- **Пазар**

Согласно правилникот за пазарен ред бр.01-473/1 се уредени начинот и условите за работа на пазар во Пробиштип, се до донесувањето на нов правилник врз основа на член 13 од Законот за трговија Сл.весник на ПМ бр.16/2004 усогласена е дејноста на пазарите во Пробиштип и Злетово.



Со одлука бр.07-1154/10 од 19.09.2013 год. Советот на Општина Пробиштип за вршење на продажба на производи(зелен пазара) ја одреди ЈПП и тоа:

1. КП бр.1018/96 со површина од 2247.7 м²- Ул Миро Барага –Пазар Пробиштип.
2. КП бр.471/1 (јавна површина) пазар –Злетово.

Градскиот пазар во Пробиштип располага со **98 продажни тезги за зелен пазар** и **35 продажни места за текстил и останата стока**. Во 2021 год. од наплатена пазаришна такса во градскиот пазар Пробиштип е добиен приход од ... **1 161 320 ден.**

Пазарот во Злетово располага со **32 тезги** и **15 продажни места** и во 2021 год.е добиен приход од ... **62 884 ден.**

## Општи и правни работи

Во текот на **2021 година** од страна на Одделението за правни работи при ЈКП Никола Карев – Пробиштип во функција на наплата на побарувања и заштита од нивно застарување беа преземани сите правни дејства за поуспешнна наплата.

Заради избегнување на дополнителни трошоци за корисниците на услугите (адвокат, нотар, извршител) од страна на правното одделение беа изготвени вкупно **1.955** опомени од кои **1.780** за физички лица и **175** до правни лица поради задоцнето или нередовно плаќање на комунални сметки, договори за одложено плаќање и правосилни и извршни нотарски платни налози со што значително се подобри наплатата на сметките.

**I. ФИЗИЧКИ ЛИЦА**

- до Нотар беа поднесени вкупно **180** Предлози за издавање на Нотарски платен налог (*тужби) во вкупен износ од **1.406.153** денари.

Во однос на **2020** година поднесени се **101** предлог помалку.

Против овие Нотарски платни налози од страна на должниците не беше поднесен ниту еден приговор до судот со што побарувањата останаа заштитени во целост.

- Во **2021** година не беа склучени Договори за одложено плаќање со физички и правни лица.

- Во текот на **2021** година против физички лица кој со години наназад не ги плаќаа правосилните и извршни нотарски платни налози и по неколкуте доставени опомени за плаќање беа поднесени вкупно **136** барања за извршување во вкупен износ од **1.218.850** денари главен долг без камата.

**II. ПРАВНИ ЛИЦА**

- Во текот на **2021** година против правни лица до нотар беа поднесени **9** предлози за издавање на Нотарски платен налог во вкупен износ од **845.657** денари и **2** барања за извршувања во вкупен износ од **97.739** денари.

**III. СУДСКИ ПОСТАПКИ против ЈКП ,,Никола Карев“ – Пробиштип**

Во моментов против јавното претпријатие се водат **8** парнични постапки сите поднесени од страна на вработени по основ на надомест на штета од работен однос, неплатени придонеси, неплатен регрес за годишен одмор и новогодишна награда.

Други **10** тужби кој беа поднесени од страна на вработените по основ на неплатен регрес за годишен одмор и новогодишна награда во меѓувреме беа повлечени во целост по претходно потпишана согласност со тужителите за надомест на процесните трошоци за поднесување на тужбите.

Против ЈКП во 2021 г. беше поднесено едно барање за извршување од извршител за наплата на адвокатски трошоци во износ од 15.500 денари.

Изготвил: В.Д.Директор:

Иле Серафимов Драганчо Ристовски